**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ул. „Методи Митевски Брицо“ 40**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 5**

**31.05.2016 година**

**Службен гласник на општина Делчево** **Излегува по потреба** **Гласникот е бесплатен**

**Уредува** **Одделение за ,правни и општи работи**

**Мај 2016**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 31.05.2016 2016 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 38. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **38.седница** која се одржа на ден **30.05.2016** година и тоа:

1. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2016 година за квартал 1;

2.**Одлука** за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

3.**Одлука** за измена на Одлуката за за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево, бр.07-2226/1 од 15.11.2014;

4.**Одлука** за одобрување на финансиска помош на Црковен одбор с. Ѕвегор;

5.**Одлука** за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за регулација на Виречка Река дел од К.П. бр.5532/1 КО Вирче;

6.**Одлука** за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за регулација на река Габровчица дел од од К.П. бр.8984/1 КО Делчево;

7.**Одлука** за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за улица во с. Вирче дел од од К.П. бр.2369 КО Вирче;

8.**Одлука** за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за улица во с. Ѕвегор дел од од К.П. бр.5183/1 и дел од 5184 КО Ѕвегор;

9.**Одлука** за набавка на опрема за тонско снимање на седниците на Советот на Општина Делчево;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-1594/1** — **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**31.05.2016 год.** — **Градоначалник,**
**Делчево** — **Дарко Шехтански,с.р.**

1.
Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5.2002), Советот на општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево**
**за квартал 1**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2016 година, за квартал 1, за периодот од 01.01.2016 до 31.03.2016 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1572/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**2.**
Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05 и 36/11), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ" 13/2011), Советот на Општина Делчево, на својата 38.седница одржана на ден 30.05.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за ажурирање на Процената на загрозеност на**
**подрачјето на општина Делчево**
**од сите ризици и опасности**

Член 1

Се донесува Одлука за ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности беше изработена од страна на Регионалниот центар за управување со кризи и донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 07-2538/1 од 25.12.2014 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1573/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**
**3.**

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје („Сл.весник на РМ" бр.22/2010 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за формирање**
**на Совет за јавно здравје**
**на Општина Делчево**

Член 1

Се врши измена на член 2 став 1 од Одлуката за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево, бр.07-2226/1 од 15.11.2014 година,донесена на 21.седница на Советот на Општина Делчево.

На местото на Тони Дуовски-досегашен член на Советот за јавно здравје, како претставник на општината се избира Фиданчо Тодоровски.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1574/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**4.**
Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за финансиска помош Уп бр.21-251 од 19.05.2016 година, Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 30.05.2016

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансика помош на**
**Црковен одбор с. Ѕвегор**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува финансиска помош во износ од 30.000 денари на Црковниот одбор од с.Ѕвегор.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се за изградба на црквата Св.Јован Крсител и ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1575/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

5.

Врз основа на член 52 став 3 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Сл.весник на РМ" 99/2014 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за регулација на Виречка Река,дел од КП бр.5532/1 КО Вирче**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура – регулација на Виречка река,дел од КП бр.5532/1 КО Вирче.

Член 2

Потребата за изработка на Проект за инфрастуктура - регулација на Виречка река произлегува од потребата за решавање на проблемот за пристап кон соседни парцели и комбинација од регулација на реката со сообраќајница согласно условите на терен и врз основа на условите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за таков вид инфраструктура и е со должина од 490 метри.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 09 -1576/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**6.**
Врз основа на член 52 став 3 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ" 99/2014 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година донесе

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за регулација на река Габровчица на дел КП.бр.8984/1 КО Делчево,**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура – регулација на река Габровчица на дел од КП.бр.8984/1 КО Делчево.

Член 2

Потребата за изработка на Проект за инфрастуктура - регулација на река Габровчица произлегува од потребата за решавање на проблемот за пристап кон соседни парцели и комбинација од регулација на реката со сообраќајница согласно условите на терен и врз

основа на условите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за таков вид инфраструктура и е со должина од 490 метри.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 09-1577/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.05.2016 год.** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**7.**

Врз основа на член 52 став 3 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службен весник на РМ" 99/2014 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за Улица во с.Вирче, дел од КП.бр.2369 КО Вирче**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура – за улица во село Вирче дел од КП.бр.2369 КО Вирче.

Член 2

Потребата за изработка на Проект за инфрастуктура за улица произлегува од потребата за решавање на проблемот за пристап на луѓе и возила во село Вирче согласно условите на терен и врз основа на условите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за таков вид инфраструктура и е со должина од 250 метри и ширина 3,5 метри.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,".

**Број 09 –1578/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.05.2016 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**8.**

Врз основа на член 52 став 3 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Службеник весник на РМ“ 99/2014 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за улица во с.Звегорна дел КП.бр.5183/1 и дел од КП.бр.5184 КО Звегор,**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за улица во с.Звегор на дел КП.бр.5183/1 и дел од КП.бр.5184 КО Звегор

Член 2

Потребата за изработка на Проект за инфрастуктура - за улица во с.Звегор на дел КП.бр.5183/1 и дел од КП.бр.5184 КО Звегор произлегува од потребата за решавање на проблемот за пристап согласно условите на терен и врз основа на условите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за таков вид инфраструктура и е со должина од 150 метри.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива .

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 09 –1579/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.05.2016 година** **Претседател,**

**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

**9.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ‟ бр.5/2002), а согласно член 103 од Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 30.05.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за набавка на опрема за тонско снимање на седниците на Советот на општина Делчево**

Член 1

Се донесува одлука за набавка на опрема за тонско снимање на седниците на Советот на Општина Делчево.

Член 2

Средствата за набавка на опремата за тонско снимање да се обезбедат од Буџетот на општина Делчево.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник

на Општина Делчево".

**Број 09-1580/1**
**30.05.2016 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов, с.р.**